## ОВЛАСТУВАЊЕ ПОЛНОМОШНИЦИ

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Годишното Собрание на акционери.

Полномошното се издава во писмена форма со пополнување на образецот за гласање преку полномошник (**<u>Полномошно за физички лица</u>**, **<u>Полномошно за правни лица</u>**, **<u>Пример за полномошно</u>**).

Полномошното мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот, и тоа:

- За акционерот - пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционер - физичко лице, односно назив, седиште, печат, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер - правно лице;
- За полномошникот - целосно име и презиме, ЕМБГ за полномошник - физичко лице, односно назив, седиште и ЕМБС на полномошник - правно лице.

Акционерите се должни веднаш да го известат Друштвото за секое дадено полномошно со доставување на целосно пополнет образец, на еден од следните начини:

- По електронски пат на адреса: **info@makosped.com.mk**, кога се доставува копија во скенирана форма;
- По писмен пат на адреса:

**ТД МАКОШПЕД АД Скопје**
**Ул. Македонија. Бр 19**
**1000 Скопје**
**Одбор на директори на Друштвото**
**Со назнака „За Годишно собрание на акционери“**

Друштвото може да бара дополнително утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, како и верификација на дадените инструкции за гласање.

Полномошникот е должен при евиденција на своето присуство на Собранието да го предаде полномошното во писмена форма во оригинал, како и да презентира документ за идентификација – лична карта или пасош.

За полномошници на Собранието можат да бидат назначени и лица кај кои постои конфликт на интерес во согласност со Законот за трговски друштва, под услов ако полномошниците:

- Претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и;
- Добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена точка за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието.

Друштвото на својата веб-страница ќе го објави идентитетот на назначените **<u>полномошници кај кои постои конфликт на интерес.</u>**